| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Одговорност на јавна администрација** | | | |
| 2. | **Код** | 5080206 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Административно право и јавна администрација | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје, Колегиумот на последипломски (мастер) студии по административно право и јавна администрација | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | 4/VIIIсеместар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | Проф.д-р Борче Давитковски<br>Проф.д-р Ана Павловска-Данева<br>Проф.д-р Ивана Шумановска-Спасовска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Стекнати 180 кредити, според ЕКТС<br>Стекнати 240 кредити, запишан VIII-ми семестар | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Овој теоретски-стручен предмет има за цел на студентите да им ги претстави различните видови одговорност како на административните службеници, така и на избраните и именуваните функционери. Тука влегуваат повеќе прашања, со што студентите ќе се оспособат да:<br>- разликуваат видови на одговорност (материјална, кривична, политичка, дисциплинска);<br>- водат постапки за одговорност, односно да советуваат лица кои тоа треба да го сторат,<br>- препознаваат за каков тип на одговорност треба да стане во даден случај како и да ги познаваат детално одредбите (кои се или законски или од други прописи) за интерпелација, пратеничко прашањае, изгласување недоверба на Владата, материјална одговорност на вработентие во администрацијата, дисциплинската одговорност и слично.<br>Воедно студентите ќе се запознаат и со овластувањата на Народниот правобранител во Република Македонија, но и со видовите на судска контрола над администрацијата. | | | | |
| 11. | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Како што беше споменато, се изучуваат повеќе типови на одговорност и на службениците (државни или јавни) и на избраните / именуваните лица кои се носители на јавни функции. Тука влегуваат најнапред политичката, дисциплинската и материјалната одговорност, имајќи во вид дека кривичната е предмет на други науки. Кога се говори за политичката, детално ќе се навлезе не само во одговорноста на | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Владата како колектив туку и во индивидуалната на нејзините членови, но и во одговорноста на Претседателот на Република Македонија, како и секое друго избрано или именувано лице (директори, членови на комисии и слично). Во предметот се изучуваат и видовите на механизми за спроведува на политичка контрола како што се интерпелацијата, пратеничките прашања, прашањето за доверба и изгласување на недоверба на Владата, анкетните комисии и другите типови на политичка одговорност уредени во Уставот на Република Македонија, Деловникот на Собранието на Република Македонија и слично. Покрај овој тип – политичка одговорност, ќе се опфатат и материјалната и дисциплинската што во суштина значи дека ќе се одговори како службениците одговараат за прекршување на правилата на дисциплина во органот каде работат, односно како тие одговараат за штетата што ќе ја причинат на трето лице или на органот во текот на своето работење. Предмет на анализа се одредбите од Законот за административни службеници, како и други прописи со кои се уредуваат респективните прашања. Студентите ќе имаат прилика да се запознаат и со овластувањата на Агенцијата за администрација која ги води дел од постапките, односно која се јавува како второстепен орган во случај на дисциплински постапки против службеници. Она што ќе го изучуваат студентите се и прашањата кои се однесуваат на изборот на Народниот правобранител, неговите овластувања и улогата што ја има во поглед на заштита на правата и интересите на граѓаните од работењето на органите на јавната администрација. Воедно, кандидатите ќе имаат прилика и да ги прошират своите знаења во однос на видовите судска контрола над администрацијата, конкретно кој суд врши контрола над законитоста над општите акти на управата, а кој суд ја цени законитоста над конкретните управни акти и од друга страна кој суд одлучува за спрови настанати во врска со службеничките односи. | |
| 12. | **Методи на учење:** | Наставата ќе се изведува согласно ЕКТС предвиден распоред. Наставата се состои од интерактивни предавања и вежби со предметен наставник и соработник. Студентите во текот на наставата и вежбите ќе имаат активна партиципација вклучувајќи се во дискусии, поставување прашања, давање свои коментари на прочитаната литература, пишување истражувачки трудови и преку организирана тимска работа зададена од наставникот и соработникот. Наставата се изведува со помош на визуелни презентации и забележување на најбитните елементи на тематските единици на табла. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | На студентите им се препорачува редовно следење на наставата и вежбите, како и нивна сериозна партиципација при нивното изведување која задолжително ќе биде земена предвид од страна на наставникот при финалното оценување. | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 15 недели – 52,5 часа теоретска настава, 17,5 часа проектни задачи и 80 часа домашно учење | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 3,5 часа неделно |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 1,2 часа неделно |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | |
| | | 16.3 | Домашно учење | 5,3 часа неделно |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 80 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Успешно завршена проектна задача, вреднувана со минимум 11 бода | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |

| 22.1 | Задолжителна литература | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева | Административно право | Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје | 2011 |
| 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
| | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | 1. | Ана Павловска-Данева | Омбудсман | Книгоиздавателство МИ-АН | 2000 |
| | 2. | Борче Давитковски | Парламентарна контрола на управата | Правен факултет, Скопје, Годишник | 1993 |
| | 3. | Миодраг Јовчиќ | Демократија и одговорност | Sluzbeni glasnik Beograd | 2006 |
| | 4. | Драгаш Ђ. Денковић | Добра управа (избор текстова, редакција и предговор Ратко Марковић) | Правни факултет Београд | 2010 |
| | 5. | Катерин Лабрусериу, Дидие Трушет, Мајкл Фромонт | Административното право на земјите од Европа | Универзитетски печат на Франција | 2006 |
| | 6. | | Деловник на Собранието на Република Македонија | Службен весник на Република Македонија | бр. 60/2002 |
| | 7. | | Устав на Република | Службен весник на | бр. 52/92 |